# Родот и корупцијата

## *истражувања за Република Северна Македонија*



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# РОДОТ И КОРУПЦИЈАТА

**ИЗВЕШТАЈ**
ОД ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

јуни 2021, Скопје

**ИЗВЕШТАЈ**
ОД КВАЛИТАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

септември 2021, Скопје

ТИМ Институт
истражување, квалитет, развој

**НАСЛОВ:** **Родот и корупцијата**
Истражувања за Република Северна Македонија

**Автори:** ТИМ Институт

**Превод и лектура:** BESTEL DOOEL Skopje

ISBN: 978-92-9271-006-4

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

www.osce.org/skopje
© OSCE Mission to Skopje 2022

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се умножува во образовни и во други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведе Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Материјалите во оваа публикација служат само за полесно реферирање. Иако Мисијата на ОБСЕ во Скопје вложи најголема грижа при нивниот развој, таа не прифаќа никаква одговорност за точноста и за комплетноста на дадените информации, упатства и совети или за какви било настанати грешки при печатење. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изразени овде, не мора да ја одразуваат официјалната политика или позицијата на ОБСЕ. Од овие причини, кон ОБСЕ не може да има побарувања во однос на потенцијални последици од потпирањето на информации или заклучоци содржани во оваа публикација.

# СОДРЖИНА




| | |
|---|---|
| **РЕЗИМЕ** | 6 |
| **МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ** | 8 |
| **ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЧКИТЕ** | 10 |
| 1. Корупцијата како проблем | 12 |
| 2. Подложност на корупција | 13 |
| 3. Изнуда на сексуални услуги | 14 |
| 4. Присуство на сексуална изнуда на институции | 16 |
| 5. Лично искуство | 18 |
| 6. Жени на раководни позиции | 23 |
| 7. Препознаеност на специфични форми на корупција | 24 |
| **КЛУЧНИ НАОДИ** | 26 |


# СОДРЖИНА




| | |
|---|---|
| **1. ГЛАВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 30 |
| **2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 32 |
| **3. ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА** | 33 |
| 3.1 Спонтани асоцијации за корупција | 33 |
| 3.2 Каде најмногу е присутна корупцијата? | 33 |
| 3.3 Подложност на корупција | 34 |
| **4. ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВАТА КОРУПЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА** | 36 |
| 4.1 Начини на подигање на свеста и едуцирање на јавноста за родовата корупција | 38 |
| **5. ИСКУСТВА ПОВРЗАНИ СО РОДОВА КОРУПЦИЈА И НАЧИН НА РЕАГИРАЊЕ** | 40 |
| 5.1 Што би ги охрабрило да одат по институционален пат? | 44 |
| **6. ПРОФИЛ НА ЖРТВА НА РОДОВА КОРУПЦИЈА** | 46 |
| **7. ГРАЃАНСКА АКТИВНОСТ ПОВРЗАНА СО РОДОВА КОРУПЦИЈА** | 47 |

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



јуни 2021, Скопје

# РЕЗИМЕ

Заради подетално квантитативно испитување на состојбите со родовите форми на корупцијата во Република Северна Македонија (РСМ), во периодот од 2.6.2021 до 9.6.2021 година агенцијата за истражување ТИМ Институт спроведе истражување на јавното мислење на репрезентативен примерок од 1.013 испитанички на возраст од 18 години и повозрасни што живеат во домаќинства на територијата на РСМ.

Според наодите, големи проблеми поврзани со корупцијата и широкиот обем на нејзината распространетост во нашата земја, детектираат седум од десет жени.

Од особен интерес во истражувањето беше изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга, како родово специфична форма на корупција. Оттука, **како форма на корупција, изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга, ја препознаваат 78 % од испитаничките**. Само една од десет испитанички смета дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга, не претставува форма на корупција.

Повеќе од половина од испитаничките истакнуваат дека носителите на јавни функции и овластувања кои имаат позиција на моќ, се случува да бараат сексуални услуги наместо пари/мито во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни. Загрижува податокот дека **21,5 % од нив истакнале дека тоа се случува многу често**.

Дека изнудата не е присутна само во јавниот, туку се случува и во приватниот сектор, истакнуваат две третини од испитаничките. Најчестите ситуации во кои лицата што се на позиција на моќ бараат сексуални услуги во замена за давање јавна услуга за која се надлежни, се **вработувањето и унапредувањето**.

Се забележува дека повеќе од **63 % од испитаничките не пријавуваат ниту лично ниту туѓо искуство поврзано со оваа форма на корупција**. Една четвртина од испитаничките истакнале дека немале лично искуство, но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција, и **5,4 % испитанички лично доживеале и се справиле со последиците на изнуда на сексуални услуги**. Од овие 54 испитанички (5,4 %), **само 20 изразиле подготвеност да го пријават** овој притисок и да се соочат со предизвикот за обелоденување на искуството.

Склоноста кон непријавувањето на изнудата на сексуални услуги, што се забележува низ одговорите на испитаничките, постепено опаѓа кога беа прашани хипотетички дали, доколку во иднина нешто слично би им се случило, би пријавиле. На ова прашање одговараа само испитаничките што претходно не пријавиле досегашно искуство со изнудата на сексуални услуги. Од вкупно 95 %, половината би се

охрабриле да го пријават делото, но загрижува фактот што 15 % од испитаничките истото би го задржале само за себе. Најчесто тоа е поради недоверба во системот, со одговорот дека пријавувањето нема да има **никаков ефект**.

Институцијата што најчесто се споменува каде што испитаничките истакнале дека би пријавиле случај на изнуда на сексуални услуги е **полицијата.**

Поврзувањето на нивото на корупција во земјата со назначувањето жени на раководни позиции, исто така беше тема од интерес. Повеќе од половина од испитаничките (53,5 %) сметаат дека нивото на корупција во земјава би се намалило ако повеќе жени бидат избрани или назначени на повисоки раководни позиции.

Поголем дел од испитаничките **(над 70 %) сметаат дека изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупција не е доволно позната и препознаена** во јавноста – во дискусиите, во политиките и во законските прописи во нашата земја. Ова претставува јасен сигнал дека треба да се изнајдат механизми за унапредување на дискусијата, следење на состојбите и информирање на јавноста за темите поврзани со изнуда на сексуални услуги. Одговорите на една четвртина од испитаничките, кои сметаат дека воопшто не се знае за сексуалната изнуда како форма на корупција во земјава, покажува дека родовите аспекти на корупцијата не се препознаваат во јавноста.

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Во истражувањето е користен повеќестепен стратификуван репрезентативен примерок на женската популација во Северна Македонија. Истражувањето е спроведено на вкупно 1.013 испитанички на возраст од 18 години и повозрасни што живеат во домаќинства на територијата на РСМ. Изборот на испитаничка во домаќинството е според принципот на прв следен роденден (доколку во домаќинството има повеќе од една претставничка од женски пол). Домаќинствата се избрани сразмерно во урбани и во рурални населени места во рамките на општините.

За целите на истражувањето се користеше телефонско интервју.

## ДИЗАЈН НА ПРИМЕРОК

Првенствено популацијата е стратификувана во однос на 3 варијабли: етничка припадност, степен на урбанизација и регион. Дефинирани се категории според овие три клучни варијабли.

Потоа, секоја општина во регионот е поделена на 4 подгрупи: етнички Македонки и припаднички на други етнички заедници во урбани и во рурални населени места и етнички Албанки во урбани и во рурални населени места (според застапеноста на етничките заедници во конкретната општина).

Потоа целниот број на интервјуа во секоја општина пропорционално е определен според бројот на жители во општината (стратификација на популацијата). Всушност, секоја ќелија е функција на целниот број на интервјуа (предвидената големина на примерокот), вкупната популација во општината и бројот на жители во соодветната супгрупа.

## ИЗБОР НА ДОМАЌИНСТВО И ИСПИТАНИЧКА

Секој анкетар мора да има најмалку три обиди за да стапи во телефонски контакт со селектираното домаќинство. Доколку и по три обиди во текот на работата не е воспоставен контакт со домаќинството, се контактира со друго домаќинство според постапката за избор на домаќинство.

Резултатите од сите обиди за контакт, анкетарите ги запишуваат во т.н. список за контакти.

Во домаќинството смее да се анкетира само едно избрано лице.

## СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Околу 25 % од спроведените интервјуа се предмет на контрола.

## АНКЕТАРСКА И СУПЕРВИЗОРСКА МРЕЖА

Истражувањето го спроведе развиена и искусна мрежа од анкетари (телефонисти) на македонски и на албански јазик.

Дваесет искусни анкетари работеа на овој проект.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Пред почетокот на телефонската анкета, сите анкетари добија теоретска обука за методологијата и постапката на работа, која вклучува објаснување на значењето и спроведувањето на следните постапки:

- Селекција на домаќинство
- Селекција на испитаничка
- Објаснување на методот за пополнување на програмскиот прашалник

Истражувањето беше спроведено од 2.6.2021 до 9.6.2021.

Анкетарите беа задолжени да го известуваат раководителот на проектот за прогресот на проектот секој ден, во врска со евентуалните тешкотии со кои се среќаваат, како и за евентуалните причини за одбивање на анкетата.

Професионалниот софтвер за статистичка обработка на податоците SPSS за Windows беше употребен за процесирање и за анализа на добиените податоци.

SPSS за Windows и Microsoft Office за Windows (Word и Excel) беа употребени за изготвување на извештајот, на графиконите и на табелите.

## ПРОЦЕНТ НА РЕАЛИЗИРАНИ КОНТАКТИ И ОДБИВАЊА

| | |
|---|---|
| Број на контакти | 1.450 |
| Вкупен број на реализирани интервјуа | 1.013 |
| Процент на реализирани интервјуа | 69,86 % |

Повратниот одговор од анкетарската мрежа беше дека прифаќањето и општиот интерес меѓу испитаничките е прилично добар.

Висок степен на контакти беше остварен. И покрај тоа што анкетарите се соочуваа со одбивања, тие беа во рамки на очекувањата, како во повеќето истражувања на јавното мислење.

Одбивањата за учество во анкетата во најголем обем се однесуваа на „немање време“, додека другите беа „нерасположена да одговара“, или „неодамна учествувала во анкета“.

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЧКИТЕ

## ПОЛ




Жени

## ВОЗРАСТ




## ОБРАЗОВАНИЕ

Основно | Средно | Високо



20,2% | 55,8% | 24%

## НАЦИОНАЛНОСТ




■ Македонки
■ Албанки
■ Останати

## РЕГИОН




## НАСЕЛЕНО МЕСТО



Урбано
58,8%



Рурално
41,2%

## РАБОТЕН СТАТУС




## МЕСЕЧНИ СЕМЕЈНИ ПРИХОДИ



## 1. КОРУПЦИЈАТА КАКО ПРОБЛЕМ

Првиот сет прашања се однесува на перцепцијата на испитаничките за распространетоста на корупцијата. Во колкав обем ја третираат корупцијата како проблем, посебно во секојдневниот живот, во општината и во земјата во која живеат, е прикажано на следниот графикон.

Се забележува дека и во трите понудени области, испитаничките најчесто ја детектираат корупцијата како голем проблем.

Во нивниот секојдневен живот, 38 % истакнале дека таа е голем проблем, 31 % истакнале дека корупцијата е мал проблем, додека за 28 % од испитаничките корупцијата воопшто не претставува проблем во нивниот секојдневен живот. Што се однесува до корупцијата во општината во која живеат, обемот на одговори дека таа претставува голем проблем, се зголемува. Повеќе од половина (51 %) од испитаничките истакнуваат дека е голем проблем, околу третина (32 %) дека е мал проблем, додека само 8 % истакнуваат дека во нивната општина корупцијата воопшто не е проблем.

Дека корупцијата претставува голем проблем во нашата земја, изразуваат согласност седум од десет испитанички (77 %).

Дополнителната анализа на податоците покажува дека корупцијата како голем проблем во **секојдневниот живот** почесто се спомнува од испитаничките на возраст од 45–54 години, повеќе од двојно од Албанките наспроти Македонките (70 % наспроти 28 %), почесто од невработените и од вработените во јавен сектор, и оние со пониски лични месечни приходи.

Корупцијата како голем проблем во **општината** почесто се спомнува од испитаничките на возраст од 45–54 години, повеќе од Албанките наспроти Македонките, почесто од домаќинките и вработените во јавен сектор, и оние со пониски лични месечни приходи.

Корупцијата како голем проблем во **земјата** почесто се спомнува од испитаничките на возраст од 25–34 години и од 45–54 години, испитаничките со повисоко образование, вработените во јавен  сектор, и оние со лични месечни приходи од 24.000 до 36.000 денари.

**Графикон 1.** Според Вашето мислење, дали корупцијата е голем проблем, мал проблем или воопшто не е проблем?




## 2. ПОДЛОЖНОСТ НА КОРУПЦИЈА

Подложноста на корупцијата разгледувана низ призма на одговорите на испитаничките, покажува дека таа е застапена и кај обата пола. Околу две третини истакнале дека не препознаваат родови аспекти на корупцијата, односно и мажите и жените се еднакво подложни на корупција. Околу 15 % од испитаничките сметаат дека кај жените подложноста кон корупција е помала отколку кај мажите, но 18 %, пак, го мислат сосема спротивното, дека жените се повеќе подложни на корупција во однос на мажите.

**Графикон 2.** Според Вашето мислење, дали жените се еднакво подложни на корупција како и мажите (кој е покорумпиран)?



Оние испитанички што истакнале дека жените се повеќе подложни на корупција, се почесто претставнички на најмладата возрасна група, до 24 години, со средно образование, студентки и почесто Македонки (за двојно повеќе од Албанките).

Дека корупцијата влијае еднакво и врз жените и врз мажите, изразуваат согласност шест од десет испитанички. По една петтина од испитаничките сметаат дека корупцијата повеќе влијае врз жените односно повеќе влијае врз мажите. Оваа петтина испитанички (вкупно 216) се почесто претставнички на најмладата возрасна група до 24 години.

**Графикон 3.** Дали би рекле дека корупцијата влијае еднакво и врз жените и врз мажите?




## 3. ИЗНУДА НА СЕКСУАЛНИ УСЛУГИ

Формите на корупцијата ги подразбира забранетите поведенија во врска со поткупот во вршењето јавни функции. Овој поим подразбира искористување на функцијата и на положбата во неморални или во противзаконити цели за остварување некаква лична корист. Корупцијата како социопатолошка појава е и конкретна појава и во неа се инволвирани конкретни луѓе. Оттука, изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга, како **форма** на корупција ја препознаваат 78 % од испитаничките.

Нашиот Кривичен законик не ја препознава изнудата на сексуални услуги како форма на корупција. Сексуалните услуги се споменати во деловите што се однесуваат на посредување при вршење проституција, сексуална експлоатација и сексуално насилство во делот злосторства против човештвото, сексуално ропство во делот воено злосторство против цивилно население, сексуална експлоатација во трговија со луѓе, но не и изнудата на сексуални услуги од позиција на моќ. [1]

1 https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf

Само една од десет испитанички смета дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга **не** претставува форма на корупција, додека 12 % изразиле неможност да препознаат корупција во изнудата на сексуални услуги.

**Графикон 4.** Дали сметате дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга претставува форма на корупција?




Испитаничките што сметаат дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга претставува форма на корупција, се почесто Македонки, со високо образование, кои ѝ припаѓаат на возрасната група од 25 до 34 години.

Околу 59 % од испитаничките сметаат дека носителите на јавни функции и овластувања кои имаат позиција на моќ, се случува да бараат сексуални услуги наместо пари/мито во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни, од кои 21,5 % истакнале дека тоа се случува многу често.

**Графикон 5.** Во некои случаи може да се случи лицата од позиција на моќ, како, на пример, носителите на јавни функции и овластувања или вработените во јавната администрација, да бараат сексуални услуги наместо пари/мито во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни. Колку често сметате дека ова се случува во нашата земја?



Две третини од испитаничките сметаат дека изнудата на сексуални услуги во замена за добивање некоја јавна услуга се случува и во јавниот и во приватниот сектор.

Дека оваа форма на принуден притисок повеќе се случува во јавниот сектор сметаат 17 % од испитаничките. Ова се почесто испитанички на возраст од 45 до 54-годишна возраст со повисоко образование, но еднакво вработени и во јавниот и во приватниот сектор.

**Графикон 6.** Дали би рекле дека изнудата на сексуални услуги во замена за добивање некоја јавна услуга повеќе се случува или би можела да се случи во јавниот или во приватниот сектор?




## 4. ИЗНУДА НА СЕКСУАЛНИ УСЛУГИ ВО ИНСТИТУЦИИ

Институција во која испитаничките сметаат дека најчесто се случува сексуалната изнуда како форма на корупција е државната администрација (на централно и на локално ниво). Добиените одговори „многу често“ и „понекогаш“ сочинуваат две третини од испитаничките во РСМ, кои детектираат злоупотреба на јавна функција или овластувања заради добивање сексуални услуги во државната администрација. Овие испитанички се почесто со високо образование и вработени во јавниот сектор, но не се забележува статистички значајна разлика помеѓу нивните одговори разгледувани низ призма на националната припадност и возраст.

Следни институции каде што повеќе од половина испитанички истакнуваат мислење за присуство на сексуалната изнуда како форма на корупција се образованието и здравството (добиени одговори „многу често“ и „понекогаш“ во образование 59,2 % и 56,6 % во здравство).

Област каде што една четвртина од испитаничките воопшто немаат мислење за присуството на сексуалната изнуда е во институциите за социјална заштита.

**Графикон 7.** Доколку веќе сте запознаени со сексуалната изнуда како форма на корупција, колку често сметате дека се случува во институциите на долунаведените области?




Покрај понудените шест области во рамките на чии институции имаа можност да се произнесат за мислење околу присуство на сексуална изнуда, испитаничките детектираа и други институции за кои изразија сомневање дека многу често е присутна оваа форма на принуда:

| |
|---|
| **приватни претпријатија (77 испитанички)** |
| **нотари, адвокати (16 испитанички)** |

Најчестите ситуации во кои лицата што се на позиција на моќ бараат сексуални услуги во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни, се прикажани на следниот графикон. Повеќе од 60 % од испитаничките сметаат дека тоа се најчесто ситуации за вработување (64 %) и за унапредување на работното место (63 %).

Идентичен број испитанички сметаат дека (37 %) лицата што се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за обезбедување подобар третман или избегнување казна или проблем што го имаат барателите на услугата.

**Графикон 8.** Во кои ситуации би рекле дека лицата што се на позиција на моќ најчесто бараат сексуални услуги во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни?




## 5. ЛИЧНО ИСКУСТВО

Следното прашање го детектира искуството на испитаничките поврзано со изнудата на сексуални услуги, без оглед дали е лично или на нивна познајничка. Се забележува дека повеќе од 63 % од испитаничките не пријавуваат ниту лично ниту туѓо искуство поврзано со оваа форма на корупција, но секако треба да се земе предвид дека пријавувањето на изнудата на сексуални услуги, остава простор за општествено етикетирање и непријатност што се одразува на понатамошниот живот на жената.

Една четвртина од испитаничките истакнале дека немале лично искуство, но познаваат некого кој минал низ оваа форма на корупција и 5,4 % испитанички што лично доживеале и се справиле со последиците на изнуда на сексуални услуги.

Од овие 54 испитанички (5,4 %), само 20 изразиле подготвеност да го пријават овој притисок и да се соочат со предизвикот за обелоденување на искуството (37 %).

**Графикон Q9.** Дали Вие лично, или Вам познати, сте имале искуство со изнуда на сексуални услуги наместо барање пари/мито како форма на корупција (при барање јавни услуги)




Графиконот ги претставува одговорите на 54-те испитанички (како 100 %) кои лично имале искуство со изнуда на сексуални услуги. Од нив, 61,1 % не пријавиле (33 испитанички) додека 37 % (20 испитанички) ја пријавиле изнудата.

**Графикон Q9_1.** Дали пријавивте искуство со изнуда на сексуални услуги наместо барање пари/мито како форма на корупција (при барање јавни услуги)?




Од вкупно 28,9 % или 292 испитанички, кои познаваат некого што се соочил со изнудата на сексуални услуги, околу една третина од нив (93 испитанички) знаат дека жртвата го пријавила делото.

**Графикон Q9_2.** Дали Вашата познајничка пријавила искуство со изнуда на сексуални услуги наместо барање пари/мито како форма на корупција (при барање јавни услуги)?




Склоноста кон непријавувањето на изнудата на сексуални услуги, што се забележува низ одговорите на испитаничките, постепено опаѓа кога беа прашани хипотетички дали, доколку во иднина нешто слично би им се случило, би пријавиле. На ова прашање одговараа само испитаничките што претходно не пријавиле досегашно искуство со изнудата на сексуални услуги. Од вкупно 95 %, половината би се охрабриле да го пријават делото, но загрижува фактот што 15 % од испитаничките истото би го задржале само за себе. Една третина од испитаничките изразиле неможност да си претставаат хипотетичка ситуација за изнуда на сексуални услуги која би ја пријавиле.

**Графикон 10.** Доколку нешто слично Ви се случи Вам лично, дали би кажале/пријавиле?



Од половината испитанички (529) што би пријавиле доколку во иднина би сведочеле на изнуда на сексуални услуги, околу две третини од нив (340) случајот би го пријавиле во друга соодветна институција, надвор од самата институција каде што тоа се случило. Околу 28 % од испитаничките (146) случајот би го пријавиле во институцијата каде што се случил, но 7,8 % или 41 испитаничка изложеноста би ја ограничиле само во рамките на семејството или со најблиска пријателка.

**Графикон 11.** Доколку би кажале/пријавиле изнуда на сексуални услуги, кому би му се обратиле?




Институцијата што најчесто се споменува, каде што испитаничките истакнале дека би пријавиле случај на изнуда на сексуални услуги, е полицијата. Од вкупно 340 испитанички, повеќе од 90 % од нив ја издвоиле полицијата каде што би го пријавиле случајот. Речиси на сите што би пријавиле, едно од местата секако ќе биде полицијата. Ова прашање имаше можност за повеќе одговори, и оттука, дел од испитаничките имаат споменато и други институции каде што би пријавиле изнуда на сексуални услуги.

Второспоменат е Центарот за социјални работи, понатаму Народниот правобранител и невладините организации.

**Графикон 12.** Каде би пријавиле изнуда на сексуални услуги? (прашање со можност за повеќе одговори)




Како што е и претходно споменато, општественото стигматизирање, предрасудите, етикетирањето и табуата излегуваат на виделина преку одговорите на испитаничките што не би пријавиле изнуда на сексуални услуги. Од вкупно 142 испитанички, 40 % или 57 од нив истакнуваат недоверба во системот со одговорот дека пријавувањето нема да има никаков ефект. Кај 36 % или 51 испитаничка би преовладал срамот и осудата од околината поради кои не би пријавиле, додека 20 % или 28 испитанички не би пријавиле од страв дека ќе бидат обвинети дека самите се виновни или дека самите ја предизвикале изнудата на сексуални услуги.

**Графикон 13.** Зошто не би пријавиле изнуда на сексуални услуги?



Овие податоци покажуваат дека на нашето општество му е потребна посветеност во креирањето политики за создавање доверба во системот.

Решавањето на последиците што го обременуваат животот на жртвата на изнуда на сексуални услуги, секако е и обврска на државата.

## 6. ЖЕНИ НА РАКОВОДНИ ПОЗИЦИИ

Постоењето родова нееднаквост во позиционирањето на жената на раководни места е забележано во нашата земја.

Вклученоста и на жените и на мажите во органите на одлучување во нашата земја е регулирано со закон. Законот за еднакви можности на жените и мажите[2] содржи одредби за учество и на мажите и на жените во комисии и во одбори, односно во органите и во телата на одлучување, кое на национално и на локално ниво не треба да е помало од 40 %. Изборниот законик, пак, предвидува афирмативна мерка со која се овозможува учество на обата пола во работата на советите (истата одредба важи и за изборот на пратеници), односно со одредбата се гарантира дека обата пола во советите на општината ќе бидат застапени со најмалку 30 %[3].

Поврзувањето на нивото на корупција во земјата со назначувањето жени на раководни позиции е тема од интерес на следното прашање. Повеќе од половина од испитаничките (53,5 %) сметаат дека нивото на корупција во земјава би се намалило ако повеќе жени бидат избрани/назначени на повисоки раководни позиции. Овие испитанички се почесто со повисоко образование, со повисоки месечни примања и ѝ припаѓаат на возрасната група од 35–44 години.

Околу една четвртина од испитаничките, нивото на корупција во земјава воопшто не го поврзуваат со назначување на повисоки раководни позиции на жените. Овие испитанички се почесто со основно образование и се домаќинки.

[2] https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ZEM%205%2009%202011%20L.pdf

[3] https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/informacija%20za%20analiza_lokalna%20samouprava.pdf

**Графикон 14.** Дали сметате дека нивото на корупција во земјава би се намалило ако повеќе жени бидат избрани/назначени на повисоки раководни позиции?




## 7. ПРЕПОЗНАЕНОСТ НА СПЕЦИФИЧНИ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА

Поголем дел од испитаничките сметаат дека изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупција, не е доволно позната и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и во законските прописи во нашата земја. Имено, добиените податоци, дека „малку“ или „воопшто“ не се знае за оваа тема, претставуваат повеќе од 70 % од одговорите на испитаничките што претставува јасен сигнал дека треба да се изнајдат механизми на унапредување на дискусијата, следење на состојбите и информирање на јавноста за темите поврзани со изнуда на сексуални услуги. Одговорите на една четвртина од испитаничките што сметаат дека воопшто не се знае за сексуалната изнуда како форма на корупција во земјава, покажува дека родовите аспекти на корупцијата не се препознаваат во јавноста.

Околу една петтина од испитаничките што сметаат дека сексуалната изнуда како форма на корупција е доволно позната и препознаена во јавноста, почесто се испитанички со повисоко образование и вработени во јавниот сектор.

**Графикон 15.** Дали сметате дека специфичните форми на корупција како што е сексуалната изнуда за добивање јавни услуги доволно е позната и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките, во законските прописи во нашата земја?




Декларативните изјави на испитаничките поврзани со конкретни активности за борба против сексуалната изнуда како форма на корупција се прикажани во прилог.

Од сите понудени ситуации, најголема согласност испитаничките истакнуваат за поддршката на колешка што би пријавила побарана сексуална услуга од заедничкиот претпоставен. Повеќе од 73 % се согласни со оваа изјава и тоа се почесто испитанички со повисоко образование и вработени во јавен сектор.

Петиција против сексуална изнуда како форма на корупција би потпишале две третини од испитаничките, но отворено би го кажале своето мислење на социјални мрежи против сексуална изнуда околу половина од испитаничките.

На протест против сексуална изнуда како форма на корупција би учествувале 56 % од испитаничките. Ова се почесто помлади испитанички, Македонки и студентки.

**Графикон 16.** Дали се согласувате или не се согласувате со секој од следниве искази?



# КЛУЧНИ НАОДИ

Во трите понудени области, испитаничките најчесто ја детектираат корупцијата како голем проблем.

- Во нивниот **секојдневен живот**, 38 % истакнале дека таа е голем проблем, 31 % истакнале дека корупцијата е мал проблем, додека за 28 % од испитаничките корупцијата воопшто не претставува проблем во нивниот секојдневен живот.

- Во **општината** во која живеат, половина (51 %) од испитаничките истакнуваат дека е голем проблем, околу третина (32 %) дека е мал проблем, додека само 8 % истакнуваат дека во нивната општина корупцијата воопшто не е проблем.

- Дека корупцијата претставува голем проблем во **нашата земја**, согласност изразуваат седум од десет испитанички (77 %).

- Околу две третини од испитаничките истакнале дека не препознаваат родови аспекти на корупцијата односно и мажите и жените се еднакво **подложни на корупција**. Околу 15 % сметаат дека кај жените подложноста кон корупција е помала отколку кај мажите, но 18 % го сметаат сосема спротивното, дека жените се повеќе подложни на корупција во однос на мажите.

- Дека корупцијата **влијае** еднакво и врз жените и врз мажите, согласност изразуваат шест од десет испитанички. По една петтина од испитаничките сметаат дека корупцијата повеќе влијае врз жените односно повеќе влијае врз мажите.

- Изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга како **форма** на корупција ја препознаваат 78 % од испитаничките. Само една од десет испитанички смета дека изнудата на сексуални услуги од страна на вработени во јавниот сектор во замена за давање некоја јавна услуга **не претставува форма** на корупција, додека 12 % изразиле неможност да препознаат корупција во изнудата на сексуални услуги.

- Околу 59 % од испитаничките сметаат дека носителите на јавни функции и овластувања кои имаат позиција на моќ, **се случува да бараат** сексуални услуги наместо пари/мито во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни, од кои 21,5 % истакнале дека тоа се случува многу често.

- Две третини од испитаничките сметаат дека изнудата на сексуални услуги во замена за добивање некоја јавна услуга се случува **и во јавниот и во приватниот сектор**.

- Институција во која испитаничките сметаат дека најчесто се случува сексуалната изнуда како форма на корупција е **државната администрација** (на централно и на локално ниво). Добиените одговори „многу често“ и „понекогаш“, сочинуваат две третини од испитаничките во РСМ кои детектираат злоупотреба на јавна функција или овластувања заради добивање сексуални услуги во државната администрација.

- **Најчестите ситуации** во кои лицата што се на позиција на моќ бараат сексуални услуги во замена за давање на јавната услуга за која се надлежни се за вработување (27 %) и за унапредување на работното место (26 %).

- Повеќе од 63 % од испитаничките не пријавуваат **ниту лично ниту туѓо искуство** поврзано со оваа форма на корупција. Една четвртина од испитаничките истакнале дека **немале лично искуство, но познаваат некого** кој минал низ оваа форма на корупција и 5,4 % испитанички кои **лично** доживеале изнуда на сексуални услуги.

- Од овие 54 испитанички (5,4 %), само 20 изразиле подготвеност да го **пријават** овој притисок и да се соочат со предизвикот за обелоденување на искуството (37 %).

- Институцијата што најчесто се споменува, каде што испитаничките истакнале дека би пријавиле случај на изнуда на сексуални услуги, е **полицијата**. Од вкупно 340 испитанички, повеќе од 90 % од нив ја издвоиле полицијата каде што би го пријавиле случајот.

- Повеќе од половина од испитаничките (53,5 %) сметаат дека **нивото на корупција** во земјава би се намалило ако повеќе жени бидат избрани/назначени на повисоки раководни позиции.

- Повеќе од 70 % од испитаничките (добиени податоци, „малку“ или „воопшто“), испитаничките сметаат дека за изнудата на сексуални услуги како специфична форма на корупција **не е доволно позната** и препознаена во јавноста – во дискусиите, во политиките и во законските прописи во нашата земја.

- Повеќе од 73 % од испитаничките би **поддржале колешка** која би пријавила побарана сексуална услуга од заедничкиот претпоставен.

- **Петиција** против сексуална изнуда како форма на корупција би потпишале две третини од испитаничките, но отворено би го кажале **своето мислење** на социјални мрежи против сексуална изнуда околу половина од испитаничките.

- На **протест** против сексуална изнуда како форма на корупција, би учествувале 56 % од испитаничките.

# ИЗВЕШТАЈ

# ОД КВАЛИТАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВИТЕ ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



септември 2021, Скопје

# 1. ГЛАВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во фокусот на оваа квалитативна студија беше добивање подлабок увид во перцепцијата на жените за состојбите со родовите форми на корупцијата во Република Северна Македонија.

Анализата на двете групни дискусии покажува дека сите учеснички препознаваат дека корупцијата е присутна во целото наше општество, но особено е забележителна во државните институции. Коруптивното однесување е толку вкоренето во секојдневието што веќе станува прифатлив и вообичаен начин на однесување и на завршување на работите. Најголем дел од учесничките сметаат дека полот не ја детерминира подложноста на корупција и дека и жените, како и мажите се еднакво подложни на корупција. Оттука, тие не веруваат дека степенот на корупција би се намалил доколку повеќе жени дојдат на раководни позиции.

Сите учеснички во ова квалитативно истражување, изнудата на сексуални услуги во замена за давање јавна услуга ја сметаат за корупција, при што тие нагласуваат дека станува збор за најлошиот вид корупција.

Сите учеснички сметаат дека изнудата на сексуални услуги е честа во нашето општество, како во јавниот така и во приватниот сектор, и дека најчесто се бара како замена за вработување, напредување на работното место, завршување некоја услуга што е од голема важност за жената жртва, како и во високото образование за полагање одреден испит. Сепак, доминантен впечаток на сите учеснички е дека жените молчат и во најголем процент воопшто не го пријавуваат случајот.

Сите учеснички сметаат дека родовата корупција не е доволно препознаена во јавноста и не е присутна како тема во политиките и во законските прописи во нашата земја. Како што за неа молчат жртвите, така молчи и самото општество. За кревањето на свесноста и едукацијата на граѓаните за родовата корупција, тие сметаат дека е потребен темелен и организиран системски пристап, во кој ќе учествуваат сите засегнати институции во општеството. Брзите медиумски кампањи имаат површен и краток ефект и како такви тие не се доволни да се направат некакви значајни промени ниту во свеста на граѓаните, ниту, пак, во работењето на институциите кога станува збор за овој проблем.

Ниту една од учесничките, без оглед дали лично ја доживеале родовата корупција или, пак, познавале некоја жена што имала вакво искуство, не би го избрала институционалниот пат за решавање на овој проблем. Главната причина за тоа е силната недоверба во институциите и увереноста дека правдата никогаш нема да биде остварена.

Освен недовербата во институциите, како една од главните бариери за храбро и јавно обелоденување на случаите на родова корупција се истакнува силната стигматизација што ја следи жената во нашето општество и тенденцијата одговорноста да се префрли врз жената, при што се урива нејзиниот углед и интегритет во средината. На овој начин жената не е само жртва на родовата корупција, туку таа зборувајќи јавно, станува уште поголема жртва на системот и на општеството, кое без основа ја прогласува за виновна.

Сите учеснички сметаат дека на овој комплексен проблем мора да му се пристапи преку сериозни системски и институционални промени. Во оваа насока, тие истакнуваат дека надлежните државни институции и министерства (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Антикорупциската комисија, судовите, полицијата итн.) мора да профункционираат, правилно да ја работат својата работа, да ги спроведуваат законите на дело, со цел да се поврати сериозно нарушената доверба на граѓаните во нивното професионално работење. Дополнително, учесничките нагласуваат дека свеста на граѓаните за овој проблем ќе порасне и довербата во институциите ќе зајакне доколку постојат сериозни казни за сторителите на ваков вид дела, без оглед на нивото на моќ со кое тие располагаат во моментот и доколку за нив се зборува отворено во медиумите.

Истовремено, учесничките ја нагласуваат недоволната правна заштита на жената жртва на родова корупција. Оттука произлегува и неопходноста од менување на законите во однос на овој вид злоупотреба на моќта од носителите на јавните функции.

Единствено на овој начин, повеќе жени жртви би се охрабриле да зборуваат јавно и да го пријават случајот, што би придонело за намалување на родовата корупција во нашата земја.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Заради подлабок увид во резултатите добиени од национално репрезентативното истражување за состојбите со родовите форми на корупцијата во Република Северна Македонија спроведено во период од 2.6.2021 до 9.6.2021 година на репрезентативен примерок од 1.013 испитанички на возраст на 18 години и постари кои живеат во домаќинства на територијата на РСМ, беше реализирано дополнително квалитативно истражување од две групни дискусии.

Во ова квалитативно истражување учествуваа вкупно 15 жени од 8 различни региони на нашата држава, кои или самите имале искуство со родова корупција или, пак, кои познаваат личност што имала вакво искуство и беа во можност да сведочат за нејзиното искуство.

Групите беа балансирани во однос на националноста, возраста, образованието како и работниот статус (јавен / приватен сектор).

За време на процесот на регрутирање, сите учесници добија објаснување за природата и за целите на студијата за да добијат јасна визија за темата што ќе биде предмет на дискусијата, како и за очекувањата од нив. На сите учесници им беше гарантирана анонимност и заштита на личните информации.

Групите се одржаа преку апликацијата zoom, во период 21–22.9.2021 год.

Наодите од оваа квалитативна студија треба да се земат единствено како индикатори  за гледиштата и за однесувањето на учесничките во овие групни дискусии и тие не треба да бидат прифатени безусловно како репрезентативни за гледиштето на сите жени жители на Република Северна Македонија.

# 3. ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

## 3.1 СПОНТАНИ АСОЦИЈАЦИИ ЗА КОРУПЦИЈА

Најчести спонтани асоцијации за поимот „корупција“ кај испитаничките во двете групни дискусии беа следниве:

- Изнуда на пари
- Услуга за услуга
- Злоупотреба на позиција
- Моќ, сила
- Мито
- Политика
- Државните институции

Кај најголем дел од учесничките помислата на поимот „корупција“ предизвикува чувство на вознемиреност и непријатност.

## 3.2 КАДЕ НАЈМНОГУ Е ПРИСУТНА КОРУПЦИЈАТА?

**Анализата на групната дискусија покажува дека според учесничките, корупцијата е присутна во целото наше општество, но особено е забележителна во државните институции.** За нагласување е верувањето дека корупцијата е длабоко вкоренета во менталитетот на нашиот народ, според најголем дел од учесничките таа е општествено прифатлив начин на однесување и во многу ситуации претставува „единствен или најбрз начин на завршување на работите“.

> *Па, присутна е речиси секаде, и државните и јавните институции се навистина корумпирани. Не само здравството, и образованието ни е корумпирано. Речиси во сите институции ако сакаме да завршиме побрзо работа, мора на некој начин тоа „да биде подмачкано“. И тоа веќе стана практика и во*

*приватниот сектор. Само што, во државниот сектор е многу изразено. –25 год., Македонка*

*Како да е нешто природно, како да ни е веќе во генетиката. Ако не си подложен на корупција ти како индивидуа, или ако не се служиш со мали методи на корупција, очигледно остануваш последен будала и не можеш никако да напредуваш или да си ги завршиш работите. –36 год., Македонка*

*Мислам дека нашето општество, односно нашето поднебје, посебно Балканов, е корумпирано општество. Корупцијата е секаде присутна. Ние не само што даваме поткуп, ние и примаме поткуп. Дали е тоа 100 грама кафе, или вечера... од која било причина, дали да завршиш побрзо работа на клиника или што било... –35 год., Македонка*

## 3.3 ПОДЛОЖНОСТ НА КОРУПЦИЈА

Помал број од учесничките во ова квалитативно истражување сметаат дека мажите се покорумпирани од жените затоа што мажите во поголем број се на раководни позиции, располагаат со поголема моќ и оттука се и поподложни на коруптивни дејства. Од друга страна, жената се опишува како почувствителна, понежна и поморална во споредба со мажите.

*Јас би кажала дека не сме рамноправни тука. Кај нас покорумпирани се мажите, затоа што мислам дека во нашето општество се побројни на повисоките функции и со самата моќ што ја носат тие повисоки функции се повеќе подложни на такви дејства. –28 год., Македонка*

*Јас мислам дека жените се помалку корумпирани и се малку повнимателни, имаат осет, жените се понежни и почувствителни. Кај жена, кога некој ќе сака да ја почести нешто со мало внимание, се чувствува веднаш корумпирана, доколку кај мажите тоа оди доста полесно. –24 год., Македонка*

**Сепак, најголем дел од учесничките сметаат дека полот не игра значајна улога во подложноста на корупција и дека и жените како и мажите се еднакво подложни на корупција**. Оттука, тие не веруваат дека степенот на корупција би се намалил доколку повеќе жени дојдат на раководни позиции.

*Самата позиција ги менува луѓето. Дали се мажи или жени, тоа многу-многу нема разлика. Дури и жената кога ќе дојде на повисока позиција, сакајќи да се докаже дека е подобра од*

*мажите – може да стане полоша. Мислам дека ова не е врзано со полот. Сите знаеме како треба и што не треба, ама кога ќе се дојде до некаква позиција на моќ, веќе не важат истите правила. Како велат: „Дајте му 5 минути власт и ќе го видите каков е човекот“. Поради потребата на жената да се докаже, станува полоша. –45 год., Македонка*

*Според моето мислење, дефинитивно полот не игра улога во коруптивното однесување. Од сите работи на светот, само интересот е вечен. И кога ќе се доведеш во позиција на моќ и пари, полот нема да игра никаква улога, барем според мене. Жените се исто подложни на корупција како и мажите, единственото што во нашето општество ги спречува е тоа што сѐ уште не се на високи функции во поголем број во однос на мажите, па не дошле до израз. Јас верувам дека ќе нема никаква разлика, нема да се искорени корупцијата ако дојдат само жени на раководни позиции. Може да биде исто, евентуално и полошо. –35 год., Македонка*

За нагласување е тоа што значаен дел од учесничките сметаат дека жената кога ќе ја добие раководната позиција и ќе располага со поголема моќ, може да биде дури и „полоша“ од мажот како реакција на долгогодишните потиснати чувства на обесправеност и нерамноправност.

*Јас не мислам дека жените се подобри од мажите, во никој случај, дури се и полоши. Во смисла, оние што се угнетувани подолго време, тие живеат во свет на докажување и покажување. Сакаат да се реваншираат. Моето мислење е дека, генерално, жените се многу посебични и полоши од мажите. –44 год., Македонка*

*Јас мислам дека во догледно време жените ги преземаат машките особини. И тие што се на позиција, како директори, висока функција, се замислуваат и повеќе од мажите. Еве и јас сум вработена и моментално имам за претпоставен жена, меѓутоа велам подобро е да имав маж. Значи, со маж подобро ќе се разбереш отколку со жена. Ние, женскиот пол, стануваме сѐ посебични, така што ги копираме мажите во многу особини. И сакаме да бидеме подоминантни со тоа. –53 год., Македонка*

# 4. ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДОВАТА КОРУПЦИЈА ВО ЗЕМЈАТА

**Сите учеснички во ова квалитативно истражување изнудата на сексуални услуги во замена за давање јавна услуга ја сметаат за корупција.** Некои од нив истакнаа дека станува збор за најлошиот вид корупција, додека за дел од нив тоа е многу повеќе од корупција – го дефинираат како сериозен мобинг и сексуална злоупотреба што остава сериозни психолошки последици врз личноста. Сексуалната изнуда ја става жената во улога на жртва и создава цел спектар комплексни емоции какви што се: страв за сопствената егзистенција, од една страна, вина и срам од осуда на околината, од друга.

> *Тоа е многу повеќе од само корупција. Мислам дека полесно се поднесува да ми побараат пари отколку сексуална услуга. И обично тоа ретко оди директно, туку тоа се индиректни сигнали што се многу очигледни. –40 год., Албанка*

> *Јас се согласувам и според мене е најтежок облик на корупција. Само што моментот да се пријави е тежок. Дури и голем дел од популацијата не го дефинираат како корупција, туку повеќе како еден вид „услуга за услуга“. И голем дел од жените тоа го премолчуваат, не го кажуваат. И некако доаѓаме до магичен круг што цело време се врти. –24 год., Македонка*

> *Јас го гледам тоа како корупција. Ако жената одбие на кој било начин, тогаш се плаши за работното место, се плаши од самата институција и од околината што ја опкружува, да не ја озборуваат... и така сето тоа е потајно и мал е кругот на луѓето што можат да разберат и да знаат вистински што се случило... Јас го сметам ова и за корупција и за мобинг. –53 год., Македонка*

**Сите учеснички сметаат дека изнудата на сексуални услуги е честа во нашето општество, како во јавниот така и во приватниот сектор**. Нивниот личен впечаток за зачестеноста на оваа појава произлегува најчесто од информациите добиени од нивни блиски пријателки или роднини што лично се соочиле со искуство на родова корупција. Сексуалната изнуда најчесто се бара како замена за вработување, напредување на работното место, завршување некоја услуга што е од голема важност за жената жртва, како и во високото образование за полагање одреден испит/дипломска работа. Сепак, доминантен впечаток на сите учеснички е дека жените молчат и во најголем процент воопшто не го пријавуваат случајот. Мал дел од учесничките во дискусијата собраа храброст да признаат дека и самите го имале ова искуство и да го споделат со другите во групата.

*Јас сум слушнала во мојата околина. Јас сум била иницијатор тоа да се каже, ама не сакала тоа да го каже. Од проста причина зашто немала доверба во институциите. Ниту се заштитени ниту ќе се докаже делото. Џабе ќе се измалтретираат пет години. –44 год., Македонка*

*Присутна е. И јас имам слушнато сведоштва од блиски жени. И отворете кој било анонимен форум... луѓето таму немаат причина да измислуваат и да лажат. Таму ќе прочитате многу грозоморни работи. Можам да кажам дека имало и примери од времето и кога бев студентка. –35 год., Македонка*

*Без разлика на градот, селото, кај и да си, општата слика е таа – секаде е присутно, но за тоа не се зборува. –38 год., Македонка*

*Јас мислам дека е честа појава, ама не е јавна. Од срам си молчи жената. –34 год., Албанка*

**Сите учеснички сметаат дека родовата корупција не е доволно препознаена во јавноста и дека за неа не се зборува во дебатите и во дискусиите во медиумите.** Истовремено тие сметаат дека родовата корупција не е присутна како тема во политиките и во законските прописи во нашата земја. Како што за неа молчат жртвите, така молчи и самото општество. За некои учеснички, брзите кампањи не се доволни да се направат некакви значајни промени ниту во свеста на граѓаните ниту, пак, во работењето на институциите кога станува збор за овој проблем.

*Не е воопшто присутна оваа тема. Не се зборува доволно. Дури и тогаш кога се зборува, јас лично го доживувам како – ајде, само да помине, да видат другите колку сме проевропски настроени... Јас тоа повеќе го доживувам како проформа. Многу лажно, многу прозирно, евтино, пластично. Нема никаква поента. Не дава никаков резултат. –35 год., Македонка*

*Уште сме назад со оваа тема. Јас мислам дека воопшто не се зборува за ова во јавноста. Како прво, секоја жена ќе се срами да пријави, како второ, ќе ја осудат веднаш, никој нема да ја разбере. Како трето, ќе се изгуби негде процесот, ќе се извлече тој што го направил тоа. –48 год., Македонка*

*Јас само сакам да кажам, нели прашавте дали е актуелно. Да, актуелно е во општеството, но во медиумите не е. Јас немам сретнато информации, особено за сексуална корупција немам сретнато. –22 год., Македонка*

## 4.1 НАЧИНИ НА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА И ЕДУЦИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РОДОВАТА КОРУПЦИЈА

Учесничките сметаат дека е неопходна интензивна медиумска кампања, во која ќе бидат вклучени повеќе сегменти, како државните институции така и медиумите и невладиниот сектор. Во рамките на оваа кампања освен едукативниот дел и кревање на свесноста за родовата корупција, неопходно е да се активираат и центри на поддршка каде што жената ќе може да се обрати и да добие бесплатна правна помош како и јасни насоки за тоа каде може да го пријави случајот.

*Јас мислам дека треба да биде кампања на национално ниво. Не да биде вклучено само едно или две министерства. Јас мислам дека тоа треба да биде на национално ниво затоа што некои работи мора да се сменат во општеството. Труд и социјала, министерство за правда, антикорупциска... буквално национална кампања, којашто ќе биде со обуки, со реклами, со информирање, со центри за поддршка, со центри што ќе даваат правни услуги бесплатно – не може секој да си дозволи консултација со адвокат. И центри што би ве упатиле во правните институции, каде треба да се пожалите. Ама, пред сè, да се обрне внимание на свеста. Што е тоа, што е корупција или злоупотреба – тоа е сè што ти прави да се чувствуваш непријатно! –40 год., Албанка*

*Мислам дека и медиумите треба да се вклучат. Јас замислувам некое лого со знакот СТОП за родова корупција. И да се информираат жените каде да се обратат во случај ако ова ним им се случи. –34 год., Албанка*

*Министерството за труд и социјала. Како што има за сè друго, како што има „Вакцинирај се!“, нека има и за ова. На пример – „Пријави сексуална злоупотреба“. И тоа да се наметнува, да се форсира, да им се помогне на тие жени што се мачат, што немаат каде. –48 год., Македонка*

*Да. Имаше една емисија, хрватска или српска. Ликот на жената беше заштитен, не се гледаше, а раскажуваше сè како поминала, низ што поминала, што направила. Затоа мислам дека медиумите треба да бидат погласни за ова прашање, а жените храбро да настапат. –53 год., Македонка*

И во двете групни дискусии учесничките ја нагласија потребата за рана едукација на младите за родовата еднаквост, за тоа што е коруптивно однесување и демистификација на зборот „жртва“, со цел отстранување на вината и срамот што се наметнува кај лицето што ќе се најде во ваква ситуација**.**

*На институционално ниво, кога веќе зборуваме, јас би го вклучила и образовниот процес, децата би можеле да се образоваат од многу мали за родова еднаквост. Колку повеќе ги образовате, колку повеќе ги научите дека жените и мажите се еднакви во општеството, толку повеќе ќе се создаваат разумни генерации, кои во иднина не би го повторувале тоа однесување како што тоа денеска го прават тие токсични други генерации. –35 год., Македонка*

*Можеби треба уште многу порано. Еве, во образованието се прават разновидни едукации и предавања на секакви теми. Можеби и тука треба да се почне од образованието. Да се едуцира секоја млада девојка, идна жена, па еве и момчињата, да знаат да се одбранат. Да си ги знаат своите права. Да знаат дека има начин да се спасат. Да знаат каде да пријават. Да знаат дека тоа не е нормално. Уште од најмали нозе да бидат подготвени дека во светот на возрасните може да им се случи нешто такво и дека нема зошто да се плашат. –48 год., Македонка*

*И да ги воспитаме ќерките да бидат гласни, да се искажуваат, да се борат за своите права. Да не се плашат од никого. –49 год., Македонка*

# 5. ИСКУСТВА ПОВРЗАНИ СО РОДОВА КОРУПЦИЈА И НАЧИН НА РЕАГИРАЊЕ

Во ова квалитативно истражување беа вклучени учеснички што или имале лично искуство поврзано со родова корупција или такви што познаваат блиска личност што имала вакво искуство и можат да сведочат за тоа.

Кај сите учеснички, без оглед дали лично го доживеале или, пак, познаваат некоја жена што имала вакво искуство, се чувствуваше голем степен на револт и вознемиреност додека зборуваа за оваа тема. Сепак, **ниту една од нив не би го избрала институционалниот пат за решавање на овој проблем**. Главната причина за тоа е **силната недоверба во институциите и уверноста дека правдата никогаш нема да биде остварена**. Некои од учесничките наведоа лични примери на родова корупција со асистенти и професори на факултет, кои со децении се однесуваат коруптивно, кои и покрај пријавите на некои студентки, тие сѐ уште се на своите работни места и не трпат никакви правни последици.

> *Мене ми е страв од тоа што немаме правна држава. Ако ние зборуваме дека мојот асистент на времето, е професор на друга учесничка во групата, и ако сумираме дека 20 години тој тоа го прави, што да очекувам од оваа држава? Јас не сум била единствената?! Еве, и да ми се случи, ќе имам смелост, ќе излезам, ќе кажам и не ми е гајле кој што ќе зборува за мене, јас не ѝ верувам на правната држава дека тоа ќе се истера до крај. Тоа е стравот. Мојот страв. –40 год., Албанка*

> *Институциите не си ја работат работата. Никој не сака да се малтретира. Јас лично не би пријавила, не дека се плашам од осуда, туку не сакам да се малтретирам. Попрво би објавила на сите социјални мрежи. Дека ќе се реши – нема да се реши. Очигледно и на институциите им одговара такви луѓе да шетаат во општеството. –44 год., Македонка*

> *Јас се сложувам, ама не дека нема жена што ќе ја истера работата до крај, можеби ќе се најде некоја храбра и ќе ја истера, но јас не му верувам на судството зашто сметам дека и тие се корумпирани. Зошто ќе терам јас до крај ако мене судот не ме заштити? –22 год., Македонка*

> *Никој нема доверба во институциите. Еве, јас и да се охрабрам ако ми се случи такво нешто, и баш ми е гајле што ќе рече околината,*

*само ќе се малтретирам по судови. Тоа никогаш нема да има судска разврска. Закони има кај нас, ама не функционираат. –35 год., Македонка*

Поголем дел од нив истакнаа дека за искуството би поразговарале со членовите на семејството и заедно би одлучиле кој би бил наредниот чекор. Неколкумина истакнаа дека би се консултирале со адвокат.

*Исто и јас би споделила дома, со сопругот. И би направиле план. Не би пријавила само затоа што не им верувам на институциите дека ќе завршат нешто. Би се влечкале со години и нема да се докажеме на крајот. На крајот само јас ќе бидам оштетена од финансиски аспект, психички аспект, ментално ќе бидам исцрпена. –35 год., Македонка*

Истовремено дел од учесничките истакнаа дека и да сакаат да пријават, тие не знаат која институција е надлежна и кому треба да му се обратат.

*Јас, првенствено, не знам каде би се обратила, во која институција. Дали е тоа полиција, дали јас треба да барам адвокат, па каков адвокат... мислам дека тоа е главен проблем што луѓево не знаат каде да се обратат. –38 год., Македонка*

*Јас искрено не знам, се чудам, исто како и претходната соговорничка, каде би се обратила. Навистина не знам, тотално сум неинформирана. Инаку, секако би споделила со семејството. –28 год., Македонка*

Освен недовербата во институциите, како една од главните бариери за храбро и јавно обелоденување на случаите на родова корупција се истакнува и менталитетот на луѓето во нашата земја, **силната стигматизација што ја следи жената и тенденцијата одговорноста да се префрли врз неа, при што таа се соочува со осуда од јавноста, се урива нејзиниот углед и интегритет и таа трпи чувства на вина и срам за нешто за кое самата не е одговорна**. На овој начин жената не е само жртва на родовата корупција, туку таа зборувајќи јавно, станува уште поголема жртва на системот и на општеството кое без основа ја прогласува за виновна.

*Колку е позатворено општеството и колку е поконзервативно, толку е полесно да се изнудува сексуална услуга како начин на корупција. Бидејќи мажите на функција си ја имаат моќта, жените немаат право на глас. Во затворените општества мажите сметаат дека тоа им следува затоа што знаат дека таа нема да каже, затоа што тоа е срамота, ќе биде покажувана со прст, ќе биде исмевана... Најчесто жена кога ќе се осмели да каже, следуваат коментари од типот: „сама си го бараше"... и слично. Значи, тоа не е дека сама си го бараше, туку е едноставно простотилакот на општеството. –45 год., Македонка*

*Речиси ниедна жена не пријавува бидејќи се плаши дека ќе биде осудувана и потсмевана. Како што некој рече, сакаат што побрзо да го заборават тоа. Тоа може да се влече со години и да не дочекате правда никогаш. Полесно ќе докажете мобинг, што исто е многу тешко за докажување, отколку сексуална изнуда. –35 год., Македонка*

*А која жена до крај ќе ја истера реално таа работа во нашата држава? Прво ќе биде осудена и јавно да го каже тоа. Веднаш има коментари: „си го барала сама, види ја како се облекува, кокетна е“ и слично. Прво тие коментари ќе ги кажат жените, па потоа и сите други. –24 год., Македонка*

*Многу тешко. Прво ќе те етикетираат дека сама си го предизвикала тоа. Од дома тешко дека некој ќе разбере и ќе реагира смирено. Може и дома ќе излезе муабетот сама си го бараше. Ако го пријави во институција, тоа ќе се заглави во некоја фиока. Многу лоша ситуација. Уште сме ние на примитивно ниво во поглед на оваа тема. Најверојатно ќе остане на умешноста на секоја од нас да се справи на мудар начин да не дојде до полошо. –48 год., Македонка*

Дел од учесничките истакнаа дека познаваат жени што преживеале родова корупција и кои за да се заштитат од лицето што ги уценува како и од осудата на средината, морале да го напуштат семејството и да се отселат од градот, па дури и од државата. Во некои случаи жената жртва на родова корупција е ставена во ситуација да се плаши да го сподели искуството во домот, со сопругот или со родителите, затоа што се плаши од нивната избувливост и агресивна реакција кон злосторникот, па молчат за да не предизвикаат посериозни последици по семејството. Во најголем процент од случаите, жената е оставена да се избори самата, да се заштити себеси и што побрзо да ја заборави целата ситуација.

*Само јас и мајката знаевме што се случува со девојчето, но ние не бевме моќни нешто да направиме. Да одевме да разговараме со него, ништо, само ќе го избламираме девојчето, и на крајот девојчето реши да ја напушти работата и така да се заштити себеси и родителот – таткото, бидејќи е многу избувлив. Можеше да дојде и до поголем конфликт. Така што, ние лицето го знаеме, ама не се пријави никаде. Никој не пријави. Едноставно девојчето по две години, кога требаше да добие решение, ја напушти работата само поради него. Тој си продолжи понатаму да ѝ додева по телефон. Меѓутоа таа го промени бројот и во моментов е во странство и така некако се оддалечи и се спаси. –53 год., Македонка*

*Иако ме подзамисли, кога ја слушнав една од соговорничките што рече: „...а на ќерка ми ако ѝ се случи ова, јас и тој ќе се пресметаме!“. Тука малку е и моментот како да ги заштитиш своите дома да не избувнат во тој момент. Не знам. Многу е комплексно, нема некој прав пат по кој би се одело, нема еден точен одговор. Кај нас*

*сериозно не функционира ништо, сè останува на своја лична волја, кој како се чувствува во тој момент. –28 год., Македонка*

Учесничките од албанска националност потенцираа дека ова е многу доминантно во нивната култура и секојдневие и тие истакнуваат дека доколку жената Албанка се соочи со сексуална изнуда, таа во најголем дел од случаите за ова не зборува ниту во рамките на своето семејство поради стравот од осуда од страна на мажот и децата.

*Не би пријавила, би имала страв. Ќе се чувствувам виновно и од страв не би можела да кажам. Првенствено би ми било срам од децата. Зависи во кој дел живеете. Затоа што кај нас, Албанците, животот е поинаков. Кај вас е поинаку, се извинувам, не сакам да правам некаква дискриминација, но кај вас, Македонците, е малку поинаку. За мене не е проблем, ама за моите пријателки, во нивниот работен однос, тие секогаш велат: „Молчи, може да биде и полошо!“. Јас нив ги сфаќам, ама не знам како да им помогнам за да не бидеме ние жртви. –34 год., Албанка*

*Но, искрено, јас сум многу разочарана. Сите сме ги слушнале оние снимки „бомби“ што излегоа од владата пред неколку години. Имаше во нив еден „мрсен“ муабет помеѓу една политичарка и еден политичар и беше во некој сексуален контекст, но добро, тоа си е нивна работа. Јас сакам да нагласам дека: Секогаш е женското виновно! Јас го сметам нашето општество за сексистичко. Женското е тоа што е жртва. Таа се повлече од политичката сцена поради таа „срамна снимка“, а господинот си продолжи со својата кариера. Кај нас е срамно за женското – таа е осудена, а тој е светецот. Така што, јас не видов баш позитивен пример во нашата држава. Тоа ми беше мене крајно разочарувачко, во смисла на женска емпатија кон жената и за тоа што се случи. Затоа што овој другиов и понатаму е угледен и ценет во општеството. Нејзиниот углед и нејзината политичка кариера заврши, а неговата не. Цената што ја плаќа жената е многу повисока. –40 год., Албанка*

Сепак, неколкумина од учесничките изјавија дека ќе најдат начин како да се одмаздат за стореното, заобиколувајќи ги институциите. Во оваа насока тие би ги искористиле социјалните мрежи каде што би објавиле снимка од разговорот со лицето што ја бара сексуалната изнуда и би се обиделе јавно да го обелоденат неговото однесување.

*И така сме сраснати сите со телефоните во секој момент, ќе си го земам телефонот, ќе успеам некако да го снимам и ќе го споделам тоа со целата јавност. Ќе го обелоденам неговото име и функција. Спремна сум и да ја загубам работата, спремна сум моето име да се споменува некоја недела-две, па дури и месец. Ама за општо добро, така би го казнила тој човек. Ќе го оставам да се соочи со јавна осуда. Тоа е најмногу што можам лично, на пример. Без да прибегнуваме кон физичко насилство. –35 год., Македонка*

*Јас не би пријавила, ама исто јавно би го обелоденила. Можеби и на социјални мрежи, ама јас за таква глупост би платила и на билборди да го има. И јавно да го осудат сите. –45 год., Македонка*

## 5.1 ШТО БИ ГИ ОХРАБРИЛО ДА ОДАТ ПО ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПАТ?

Според најголем дел од учесничките, на овој комплексен проблем мора да му се пристапи преку сериозни системски и институционални промени. Во оваа насока тие истакнуваат дека надлежните државни институции и министерства (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Антикорупциската комисија, судовите, полицијата итн.) мора да профункционираат, правилно да ја работат својата работа, да ги спроведуваат законите на дело, со цел да се поврати сериозно нарушената доверба на граѓаните во нивното професионално работење.

Дополнително, учесничките потенцираат дека свеста на граѓаните за овој проблем ќе порасне и довербата во институциите ќе зајакне доколку постојат сериозни казни за сторителите на ваков вид дела, без оглед на нивото на моќ со кое тие располагаат во моментот и доколку за нив се зборува отворено во медиумите. На овој начин, повеќе жени жртви на родова корупција би се охрабриле да го пријават случајот.

*Институциите да профункционираат. Центарот за социјални грижи особено. Да си ја вршат својата работа. Да се знае дека тој што ќе се побуни, ќе биде заштитен. –45 год., Македонка*

*Исто така, треба да знаеме дека тој што бара ваков вид корупција, ќе биде убаво казнет, како не би се случувало повторно. –28 год., Македонка*

*И да профункционира судството, да има казнети такви луѓе, и да се пренесе во медиумите дека некој воопшто е санкциониран. Мора да има позитивен пример за да се охрабри и некој друг да пријави. –45 год., Македонка*

Дел од учесничките ја нагласуваат недоволната правна заштита на жената жртва на родова корупција и начинот на кој полицијата реагира на ваков вид пријави. Оттука произлегува и неопходноста од менување на законите во однос на ваков вид злоупотреба.

*Во полицијата има проблем исто така, се презема нешто само ако има сторено дело. А сторено дело го сметаат ако има некој направено штета. Е, сега, ако жената не е силувана, за нив не е криминално дело. Додека жената не е оштетена, не го сметаат за дело. А психичката оштетеност не ја сметаат. –45 год., Македонка*

*Еве, како што спомена претходната соговорничка, сите тие снимени СМС-пораки и разговори, да бидат признаени и земени како доказ. Тоа би ми било добра појдовна точка. Сведоци што би биле прифатени да зборуваат. И повеќе жени што би се охрабриле да зборуваат, да сме повеќе и да бидеме сфатени посериозно. И да го пријават тој човек. –35 год., Македонка*

*Јас мислам дека доколку некоја жена не знае каде прво да се обрати, прво ќе оди во полиција, со надеж дека правилно ќе ја упатат каде и што понатака. Доколку институциите си ја работат работата онака како што треба, можеби повеќе жени ќе се охрабрат и ќе пријават. –34 год, Македонка*

**Сознанието дека на раководната позиција во институцијата во којашто би требало да се обратат е жена, за најголем дел од нив нема значително да влијае врз подготвеноста да го пријават случајот.** Според учесничките, во овој процес многу поважна е функционалноста на институциите и професионалноста и интегритетот на човекот што е на раководната позиција, а не неговиот пол.

*Затоа што не му верувам на системот, дали е жена или е маж, исто е ако немаме правна држава. Не ми менува тоа што е жена, па ајде дека ќе биде нешто емпатична кон мене.... Апсолутно не менува ништо. –35 год., Македонка*

*Во такви случаи е потребна професионалност, без разлика дали е маж или жена. –45 год., Македонка*

Сепак, во случај да се охрабрат да го пријават случајот, најголем дел од учесничките истакнаа дека многу полесно би им било да се отворат и детално да го раскажат искуството доколку разговараат со жена.

*Па мислам дека можеби би било полесно жената да се искаже во тој момент. Не значи дека би помогнала, туку само за моментот со искажувањето. –34 год., Албанка*

*Поприроден ќе ни биде пристапот. Во првиот момент кога ќе кажеш, на првиот исказ. –38 год., Македонка*

*Да, и јас го мислам истото. Првично приказната ако се сподели со жена, нема да се чувствуваш толку непријатно како со маж, нема да пропуштиш детали, јас лично би се чувствувала послободно и поотворено со жена. Ама дека само поради тоа што е жена на таа функција, не мислам дека може да направи нешто повеќе. –35 год., Македонка*

# 6. ПРОФИЛ НА ЖРТВА НА РОДОВА КОРУПЦИЈА

Сите учеснички во дискусијата истакнаа дека жртви на родова корупција почесто се жени што се финансиски послаби, чијашто егзистенција е силно детерминирана од нивното работно место и оние што немаат силна машка фигура како заштита во животот (разведените, самохраните мајки или вдовиците).

> *Тие што се зависни финансиски, самохрани мајки, разведени жени, вдовици... тие што зависат од таа работа, на пример, можат да бидат повеќе уценувани. И тие се почесто жртви. Тие ги сметаат како личности што немаат заштита. –49 год., Македонка*

> *Во нашата држава ако нема маж во заднина, некој од машки род, значи татко моќник, брат моќник, може да стане потенцијална жртва. Зборувам од лично искуство. И да не станува збор за корупција, и да станува збор и за интернет малтретирање, тоа „не“, ако го каже жена што е сама, тоа не се смета, тоа е исто како да кажеш „да“. –40 год., Албанка*

# 7. ГРАЃАНСКА АКТИВНОСТ ПОВРЗАНА СО РОДОВА КОРУПЦИЈА

Сите учеснички во ова квалитативно истражување истакнаа дека отворено би го искажале своето мислење против сексуалната изнуда на социјалните медиуми и дека би потпишале петиција против сексуалната изнуда како форма на корупција.

Сепак, кога станува збор за излегување на протест, кај дел од учесничките се појавија одредени дилеми поради стравот од етикетирање и можните последици како што е губење на работното место особено доколку се вработени во јавна администрација.

> *Не функционира, затоа што повторно има страв. Значи, ако излезат на протест, жените се плашат дека ќе бидат санкционирани на некаков начин. Најчесто луѓето се плашат од протести за која било проблематика: да не бидат обележани, да не бидат казнети, избркани од работа, осудени и слично. Мислам дека многу жени не би се охрабриле. Затоа што кај нас протестите не се дозволени за луѓето што се вработени во јавниот сектор ако тој протест не им одговара на оние луѓе што се на власт. –49 год., Македонка*

> *Ние уште живееме во тој свет каде што се грижиме што ќе кажат другите за нас. А луѓето ќе речат: „Зошто сега таа излезе на протестот, сигурно е една од нив, која била корумпирана...“ во таа смисла... ние уште живееме за луѓето. Мислам дека тоа ни е најголема грешка што нас нè уназадува. Па, затоа, не можеме да се искажеме, да си го кажеме проблемот, да најдеме решение. Секогаш чувствуваме страв, грижа, срам од луѓето, што и кој ќе каже нешто за нас. –34 год., Македонка*

Истовремено учесничките истакнуваат дека кога станува збор за петиции и за јавни протести против сексуалната изнуда како вид корупција, тоа не треба да добие форма на феминистичко движење, туку напротив, потребна е и поддршка од мажите во целиот процес.

> *Јас мислам дека најголемиот проблем е верувањето дека само жените треба да протестираат за овие теми. Кај нас имаме проблем со поддршката. Кога ќе излезат и мажи на протестот, и жените ќе бидат похрабри дека имаат поддршка, дека некој ги разбира, дека не се сите исти и слично. –45 год., Македонка*

*И да не се создаде лажна слика дека жените излегле да протестираат против мажите. Значи, не се сите исти. Протестот си е против тие што си дозволиле да бараат такви услуги. И се согласувам дека тука треба да се вклучат и мажи, така би дале посилна порака. –49 год., Македонка*

*Јас постојано поддржувам секакви кампањи што се против насилство врз жените. Е, сега, тука има мал проблем што сето тоа изгледа малку феминистички. Излегува како само ние жените да се поддржуваме меѓусебно. Тука треба повеќе машкиот свет да биде вклучен, затоа што и тие можат еден ден да бидат жртви, а не само жената. И тие тоа да го поддржат. А со активности на социјални мрежи, нема да има некаков ефект, само ќе има поголема видливост ако се лајкуваат и коментираат такви објави. Да се смени јавната свест колку-толку. Не дека многу ќе се смени. Зборуваме за едно премногу традиционално и ограничено општество. Ама некои ситни чекори најверојатно ќе се направат. –24 год., Македонка*

Исто така, учесничките нагласуваат дека многу е важно организацијата на протестите да биде независна и да се држи подалеку од политичките влијанија и политичките партии.

*Кај нас, кога и да се протестира за нешто, партијата на власт вели дека тие протести се организирани од опозицијата. Оттука, им се вршат разни притисоци на луѓето, за работното место, уцени за деца... –49 год., Македонка*

*Јас поддржувам и сум член на неколку невладини организации. Доколку протестот има јасна цел е во ред. Само да не се меша тука политиката. Кај нас има практика сѐ убаво да си почне и штом ќе дојде некоја партија да даде поддршка, сето тоа зазема поинаква димензија. –24 год., Македонка*

Сепак, за да има резултат, учесничките нагласуваат дека е важно овие иницијативи да бидат поттикнати и предводени од личности што се доволно моќни и авторитативни во општеството и кои како такви, со доволна поддршка на јавноста, би можеле да направат позитивна промена во системот.

*Ама треба да нѐ поведе некој, некој што е доволно моќен и авторитативен, за да нѐ слушне некој. А вака... како што би се рекло „да млатиме празна слама“... би било џабе. –48 год., Македонка*

